# Напредна академија за лидерство 2022
# РС Македонија

"Напредна академија за лидерство - 2022" е програма на интерактивна обука посветена на градоначалници, општински лидери и лидери на сектори во општините од РС Македонија, Албанија, Косово, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина. Мисијата на програмата е да се помогне во развојот на поефикасно управување со цел решавање на социјални, технолошки и политички предизвици, кои носат промени. Поттикнување на независно учење и развој, управување со проекти и мрежи, меѓу другото, се клучни елементи на програмата на Академијата за лидерство.

Програмата е првенствено фокусирана на три области: развој и подобрување на индивидуалните лидерски вештини, вовед во техники неопходни за управувањето со луѓе и организации, како и вовед во развивањето, планирањето и разбирањето на меѓународните проекти и програми.

Општите цели на програмата се пренесување на знаења за специфични методи за справување со предизвиците на креативното лидерство и подобрување на меѓусебните односи на учесниците на обуката, како и можноста да се извлече максимална корист за целиот процес на обука.

**Специфичните цели на програмата се:**

- Солидно разбирање на улогата на доверба во постигнувањето на резултати и она што е потребно за да се создаде целосно разбирање за областа лидерство,
- Подобрено разбирање и прифаќање на сопствените стилови и стиловите на работа на другите,
- Презентација на научни процеси за користење на информации поврзани со процесот на создавање односи со соодветни тимови и во рамките на организациите,
- Зголемување на ефикасноста на личната и интерперсонална комуникација и разрешување на конфликти во улога на лидер или член на тимот.

Академијата за лидерство 2022 ќе се одржи во два блока во траење од по 3 дена, што ќе се одржат во РС Македонија и Бугарија.

Темите за обработка на првиот блок што ќе се одржи од 08-10.04.2022 се:

- Лидерски вредности
- Одредници за ефективна и демократска општина
- Различни перспективи на лидерството
- Лични лидерски преференци
- Лидерски ставови и учинок
- Лидерска средина и околина
- Стилови на лидерство
- Организациона култура
- Создавање на клима за постојано учење и напредување

Предавач

**Жан Станоевски**



Жан Станоевски (1968), е обучен тренер на Советот на Европа за академијата за лидерство, по професија филолог, работи како модератор, тренер и мотивациски говорник и од 2007 година е претседател на меѓународната фондација Балкан Нет и основач и сопственик на Констан ДООел (www.constan.com.mk).
Неговите главни активности се состојат од: управување со проекти, обуки/помош, институционална и менаџерска поддршка, организација и модерација на меѓународни семинари и работилници. Тој работи на англиски, германски, македонски и српски јазик.

Организациски одбор на Академијата за лидерство - 2022 година

РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ: 16.03.2022 на nklv.marija@gmail.com